Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА
University “St. Kliment Ohridski” – Bitola
FACULTY OF BIOTECHNICAL SCIENCES - BITOLA

Partizanska bb, P.O. Box 53, Bitola, 7000, R. North Macedonia, Tel: +389 76 238 276, Tel: +389 75 322 790, web: www.fbn.uklo.edu.mk

Бр.02-269/11
01.04.2022 год.
Битола

Врз основа на член 110, став 1, точка 21 од Законот за високото образование, а по Барање на студенти од прв циклус студии со бр.09-255/2 од 28.03.2022 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки-Битола, на седницата одржана на ден 01.04.2022 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

за одобрување на дополнителна испитна сесија за студентите
запишани на прв циклус студии

1.Се одобрува дополнителна испитна сесија за студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за биотехнички науки-Битола, за академската 2021/2022 година.

2.На оние студенти кои го немаат обновено уписот за летен семестар за академска 2021/2022 година, службата за студентски прашања на Факултетот нема да им дозволи пријавување на испити.

3.Студентите при пријавувањето на испитите должни се да уплатат по 700,00 денари (400 ден. за полагање во дополнителна испитна сесија и 300 ден. за полагање по два или повеќе пати) за секој пријавен испит, на жиро сметка на Факултетот (1600108397 788 15).Повикувачки број: 723012 42.Банка на примачот НБРМ 1000000000630 95 (со дознака: за полагање на испит).

4.Пријавувањето на испити ќе се врши кај советникот по студентски прашања на Факултетот и по електронски пат од 11.04 до 15.04.2022 година.

5.Дополнителната испитна сесија ќе биде во период од 18.04 до 06.05.2022 година.

6.За ненавремено пријавување на испити после утврдениот рок, студентите се должни да уплатат по 400 денари, за секој пријавен испит, на горе споменатата ж.сметка на Факултетот.

7.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан

Проф. д-р Гордана Димитровска

Доставено до:
Службата за студентски прашања
и архивата